Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

# КОИ ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА МИ СЛЕДУВААТ И КАКО ДА ГИ ОСТВАРАМ?

## Гарантирана минимална помош

| Услови за добивање на помош | Што опфаќа оваа помош |
| --- | --- |
| Се обезбедува за материјално необезбедено лице или домаќинство, изложено на социјален ризик, констатиран врз основа на непосреден увид и документација од центарот за социјална работа (ЦСР).<br><br>Лицето не смее да поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.<br><br>Исклучок од ова е, доколку поседува ваков имот и права, но за истите да има склучено договор за доживотна издршка до ЦСР.<br><br>За користење на ова право, лицето мора да ги исполнува следниве обврски:<br>▪ Редовно да се пријавува во агенцијата за вработување како невработено лице (обврска која важи за секое друго полнолетно лице во домаќинството кое е невработено) во спротивно ГМП може да биде прекината<br>▪ да не одбива неоправдано работно ангажирање<br>▪ да соработува со надлежниот центар за социјална работа | ▪ Месечен паричен надомест, кој започнува од 4.000 денари месечно, а се зголемува за секој нареден член во семејството, и малолетен, и полнолетен.<br>▪ субвенција за ел. енергија од октомври до март = 1.000 денари усогласена сума соодветно<br>▪ права за заштита на деца согласно Законот за заштита на децата<br><br>* Висината на гарантирана минимална помош се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика во јануари во тековната година. |

## Надоместок заради попреченост

| Услови за добивање на помош | Што опфаќа оваа помош |
|---|---|
| Ова право следува на лице со тешка или длабока интелектуална попреченост или најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице.<br>Се доделува на лица кои спаѓаат во овие категории, а се на возраст помеѓу 26 и 65 години.<br>Видот и обемот на попреченост ја констатира првостепена комисија составена од тројца лекари специјалисти со конзилијарно мислење. | ▪ Месечен надомест од 7.204,00 денари за лице со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост и потполно слепо лице.<br>▪ Месечен надомест од 4.117,00 денари за потполно глуво лице.<br>* Износот на надоместокот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. |

## Додаток за домување

| Услови за добивање на помош | Што опфаќа оваа помош |
|---|---|
| Ова право се доделува на станбено и материјално необезбедено лице кое спаѓа во една од следниве категории:<br>▪ Корисник на ГМП<br>▪ лице кое до 18 годишна возраст (а најмногу до 26 годишна возраст доколку било под старателство) имало статус на дете без родители и без родителска грижа | За остварување на правото и висината на додатокот:<br>▪ за корисници на ГМП одлучува советот на општините и се исплаќа од буџетот на општината<br>▪ за лица со статус на дете без родители и родителска грижа се исплаќаат средства од Буџет на РСМ |

## Надоместок за помош и нега од друго лице

| Услови за добивање на помош | Што опфаќа оваа помош |
| --- | --- |
| Ова право се доделува на лице со минимум навршени 26 години возраст накое му е неопходна помош и нега бидејќи не може само да ги врши секојдневните основни активности за живот и кое:<br>▪ е со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост,<br>▪ е лице со потешка и најтешка телесна попреченост,<br>▪ е потполно слепо лице,<br>▪ е лице со трајни промени во здравствената состојба. | |
| Паричен надомест за помош и нега од помал обем се доделува на лице со:<br>▪ умерена интелектуална попреченост и<br>▪ лице кое поради трајни промени во здравствената состојба не може без помош од друго лице во потполност да ги задоволува основните животни потреби. | Месечен надомест од 3.959,00 денари<br>* Износот на надоместокот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. |
| Паричен надомест за помош и нега од помал обем се доделува на лице со:<br>▪ тешка или длабока интелектуална попреченост,<br>▪ лице со потешка и најтешка телесна попреченост,<br>▪ потполно слепо лице, лице со трајни промени во здравствената состојба, поради што не може само да ги задоволува основните потреби, не може ниту со помош на ортопедски помагала самостојно да се движи во станот или надвор од станот, самостојно да се храни, облекува, да ја одржува личната хигиена, ниту да ги врши основните физиолошки потреби. | Месечен адомест од 4.475,00 денари<br>* Износот на надоместокот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. |

## Траен надоместок за родител кој се грижел за дете со попреченост до 26 годишна возраст

| Услови за добивање на помош | Што опфаќа оваа помош |
|---|---|
| Ова право следува на родителнадетесо попреченосткој сегрижелза дететодо неговата 26 годишна возраст, кој е невработен и не користи правона пензија, откако ќе наполни 62(жена)односно64 (маж) години живот.<br>Ова право исто така се доделува и на згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство најмалку петнаесет години, откако ќе наполни 62 (жена) односно64(маж)годининаживот,доколку е невработенине користи право на пензија по која било основа. | Месечен паричен надомест од 8.000,00 денари<br>* Износот на надоместокот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. |

## Надомест на плата за скратено работно време за родител кој се грижи за дете со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања

| Услови за добивање на помош | Што опфаќа оваа помош |
|---|---|
| Правото на скратено работно време се доделува заради нега на дете со попреченост и најтешки облици на заболувања, без оглед на возраста на детето.<br>Се остварува за еден родител ако двајцата родители се вработени, или за самохран вработен родител. | Надоместокот на плата изнесува 50% од просечната нето плата на родителот за претходната година, но најмногу до 50% од просечната нето плата во државата за претходната година. |

## Еднократна парична помош и помош во натура

<table>
<tr><th>Услови за добивање на помош</th><th>Што опфаќа оваа помош</th></tr>
<tr><td>Еднократна парична помош и помош во натура се доделува на:<br>▪ лице или семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик,<br>▪ лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија,<br>▪ лице или семејство во кое некој од членовите е на подолго лекување во здравствена установа.<br>Лицата кои ја добиле оваа помош имаат рок од 15 дена од искористувањето на средствата, а најдоцна 3 месеци од добивањето на помошта, да достават доказ до ЦСР дека средствата се искористени за целта која е наведена во барањето.<br>Оваа обврска не важи за еднократната парична помош во висина до 4.500,00 денари.</td><td>Еднократна парична помош до 30.000,00 денари, се доделува на:<br>▪ лице или семејство во социјален ризик, заради претрпена природна непогода, епидемија и смрт на член на семејството,<br>▪ лице кое има потреба од операција или подолго лекување во странство и<br>▪ станбено необезбедено лице корисник на ГМП, неспособно за работа, како помош во обезбедување на нужно сместување.<br>Еднократна парична помош до 15.000,00 денари се доделува на:<br>▪ лице - жртва на семејно насилство за обезбедување на итна заштита и згрижување.<br>Еднократна парична помош до 12.000,00 денари се доделува на:<br>▪ лице или семејство во социјален ризик во случај на подолго лекување во здравствена установа;<br>▪ жртва на семејно насилство за остварување на право на здравствена заштита и медицински третман.<br>Еднократна парична помош до 4.500 денари за потребите на лице или семејство во социјален ризик кој не остава трајни последици, а е неопходно социјалнои и материјално обезбедување на лицето.<br><br>* Висината на правото на еднократна парична помош се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.<br>Интервентна еднократна парична помош до 180.000,00 денари за лице на возраст до 26 години, кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, или било под старателство и по престанувањето на старателство.</td></tr>
</table>

# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- ✔ Здруженија и правни клиники кои се овластени за давање на бесплатна правна помош
- ✔ Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- ✔ Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
| --- | --- |
| Берово | **071 205 324** |
| Битола | **071 223 392** |
| Македонски Брод | **071 223 075; 078 640 786** |
| Виница | **071 213 964** |
| Валандово | **071 213 925** |
| Гевгелија | **071 224 678; 071 216 267** |
| Гостивар | **071 223 180** |
| Дебар | **071 223 768** |
| Делчево | **071 283 948** |
| Демир Хисар | **075 766 695** |
| Кавадарци | **075 659 855** |
| Кичево | **071 224 652** |
| Кочани | **071 221 580** |
| Кратово | |
| Крива Паланка | **071 224 580** |
| Крушево | **071 227 808** |
| Куманово | **071 227 962** |

| Подрачни одделенија | Телефони |
| --- | --- |
| Неготино | **071 223 191** |
| Охрид | **071 221 908** |
| Прилеп | **076 232 886** |
| Пробиштип | **078 330 434** |
| Радовиш | **070 261 310** |
| Ресен | **071 221 246** |
| Свети Николе | **071 227 862** |
| Струга | **071 223 015** |
| Струмица | **071 224 526** |
| Тетово | **071 227 893** |
| Велес | |
| Штип | **071 221 484; 070 821 089** |
| Карпош | **071221381** |
| Центар | **078 442 006** |
| Кисела Вода | **071 224 104** |
| Гази Баба | **071 213 798** |
| Чаир | |

ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

www.pravnapomos.mk

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Република Северна Македонија
Министерство за правда

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ